Република Северна Македонија
Јавна установа Универзална сала
Republika e Maqedonise se Veriut
Institucion publik Salla Universale
Бр./Nr. 02 - 2075/5
05.07. 2019 год./viti
СКОПЈЕ/SHKUP

# СТАТУТ

## НА ЈАВНАТА УСТАНОВА УНИВЕРЗАЛНА САЛА – СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ -

Јули, 2019

Врз основа на член 36 и 37 од Законот за културата (Службен весник на РМ број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 32 од Законот за установите (Службен весник на РМ број 32/05, 120/05, 51/11), како и член 27 став 1 алинеја 1, член 43 и член 44 од Статутот на Јавната установа Универзална сала - Скопје, а во врска со Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната установа Универзална сала - Скопје број 02-152/8 од 06.05.2019, како и Одлуката на Советот на град Скопје број 27-4996/8 од 21.05.2019 година , Управниот одбор на седницата одржана на ден 05.07.2019 година, го утврди пречистениот текст на

# СТАТУТОТ

на Јавната установа Универзална сала - Скопје, Република Северна Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредуваат организацијата и начинот на вршење на дејноста, називот и седиштето на Установата, управувањето, работоводењето, надлежностите и работата на органите на Установата, контролата, правата и обврските на корисниците на јавните услуги и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на Јавната установа Универзална сала - Скопје, Република Северна Македонија.

Член 2

Јавната установа Универзална сала - Скопје, Република Северна Македонија е правен следбеник на Центарот за организирање на приредби Универзална сала - Скопје и согласно Законот за културата - пречистен текст (Сл. весник на РМ бр.66/03) и Законот за установите (Сл.весник на РМ бр.32/05) и Одлуката за преземање на основачките права на организации од областа на културата број 09-214/1 од 30.01.2004 година на Советот на град Скопје, продолжува да работи.

Правниот претходник, Центарот за организирање приредби Универзална сала - Скопје, како установа од посебен општествен интерес за градот Скопје формиран е со решение број 6493/1 од 14.07.1965 на Градското собрание на Скопје, на 6-тата заедничка седница на Градскиот собор и Соборот на работните заедници и запишан во регистарот на установи кај Окружниот стопански суд Скопје со решение Фи број 469/65 од 28.07.1965 година.

Член 3

Основач на Јавната установа Универзална сала - Скопје, Република Северна Македонија е градот Скопје согласно Одлука број 09-214/1 од 30.01.2004 година на Советот на град Скопје за превземање на основачките права на организации во областа на културата и Договорот за пренесување на недвижните ствари, опремата, вработените и други средства за работа од Република Македонија на градот Скопје, склучен меѓу Владата на Република Македонија и градот Скопје, заведен кај Министерството за култура под број 02-5139/1 од 19.08.2005 година, а кај градот Скопје под број 08-2308/1 од 19.08.2005 година.

Член 4

Јавната установа Универзална сала - Скопје, Република Северна Македонија е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Закон, Актот за основање и овој Статут.

Јавната установа Универзална сала - Скопје, Република Северна Македонија е правно лице кое врши дејности од областа на културата со непрофитна цел.

Јавната установа Универзална сала - Скопје, Република Северна Македонија стекнува својство на правно лице со уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 5

Во работењето на Установата службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото писмо е и јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и неговото писмо.

## II.НАЗИВ И СЕДИШТЕ

Член 6

Називот на Установата на македонски јазик гласи:
Јавна установа Универзална сала - Скопје, Република Северна Македонија
Скратениот назив на македонски јазик гласи:
ЈУ Универзална сала - Скопје
Називот на Установата на албански јазик гласи:
Institucion publik Salla Universale - Shkup, Republika e Maqedonise se Veriut
Скратениот назив на албански јазик гласи:
IP Salla Universale - Shkup

Член 7

Седиштето на Установата се наоѓа во Скопје, општина Центар на булевар „Партизански одреди" бр.45.

## III.ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ

Член 8

Во своето работење Установата употребува печат, штембил и амблем.

Печатот има форма на круг со пречник од 32 мм, на кој во средината се наоѓа грбот на Република Северна Македонија, на горниот дел на македонски јазик со кирилско писмо е впишан текстот: Јавна установа Универзална сала - Скопје, Република Северна Македонија, а во долниот дел на албански јазик и неговото писмо е впишан текстот: Institucion publik Salla Universale - Shkup, Republika e Maqedonise se Veriut.

Штембилот има форма на правоаголник со димензии **65 x 40 мм** и на него е испишан текст на македонски јазик со неговото кирилско писмо и на албански јазик со неговото писмо:

Јавна установа
Institucion publik
Универзална сала
Salla Universale
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonise se Veriut
број / numer________________
дата / data_________________

Член 9

Печатот и штембилот на Установата се користат и чуваат во деловното седиште на Установата.

Начинот на употреба, ракување и чување на печатот и штембилот на Установата се регулира со одлука што ја донесува директорот на Установата согласно Законот.

Член 10

Установата има амблем - заштитен знак кој претставува графички израз на слободата на уметничкото творештво и вредности.

Заштитниот знак се заштитува како трговска марка согласно позитивната законска регулатива.

За формата и содржината на амблемот одлучува Управниот одбор на предлог на директорот на Установата.

## IV.ДЕЈНОСТ НА УСТАНОВАТА

Член 11

ЈУ Универзална сала - Скопје, е јавна установа која врши дејност од областа на културата како дејност од јавен интерес.

Установата е локална установа од општ тип и според предметот на работа е општа културна установа.

Во правниот промет и односите со трети лица, Установата истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските превземени во правниот промет, Установата одговара со своите средства подобни за извршување.

Член 12

Основната дејност на Установата е посредување во презентирањето на дела од областа на културата, драмски и други видови на сценско-уметнички дејности, односно обезбедување услови за достапност на граѓаните до културните вредности и нивно масовно користење.

Основна дејност на Установата, согласно Националната класификација на дејности е:

Дејности на објектите за културни манифестации со шифра 90.04

Член 13

Во остварувањето на основната дејност опишана во претходниот член, Установата ги врши следниве активности :

- Определува услови, мерила и критериуми за презентирање на културните вредности;
- Организира музички, драмски, филмски презентации, ревии и фестивали, ликовни и фото-изложби, изложби на книги и други видови на изложби;
- Учествува во организирање на конгреси, конвенции, трибини, манифестации со стопанска, научна, културна, политичка и друга содржина;
- Организира одржување на програми со сценско-уметничка содржина со што ги популаризира музичкото, оперското, балетското, драмското и филмското творештво, популарната и народната музика;

- Организира програми со групи и поединци заради прикажување на сценско-уметнички и забавно-рекреативни содржини;
- Организира гостувања на уметници и уметнички ансамбли од Земјава и од странство, како и гостувања на уметници и уметнички ансамбли од Земјава во странство;
- Организира прикажување на уметнички, забавни, научни, играни и документарни филмови, телевизиски програми и сл. и
- Организира и дава сценско-технички услови и услуги што се во врска со основната дејност.

Член 14

Покрај основната дејност, во согласност со Основачот, Установата врши и дополнителни дејности:

- Организира или е соорганизатор на спортски приредби, спортски и друг вид натпревари;
- Врши услужно-угостителски дејности за потребите на корисниците на јавните услуги и
- Врши други дејности поврзани со давање на програмски и сценско-технички услуги на корисниците на јавните услуги

Установата е должна, Годишната Програма за работа, извештајот за работа и финансискиот план, да ги достави до Градот Скопје на усвојување

Член 15

Остварувањето на дејноста на Установата го организира директорот на Установата.

Дејноста во Установата се организира врз основа на однапред утврден план за развој и годишна програма за работа.

## V. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Член 16

Директорот на Установата ја застапува и претставува Установата во рамки на неговите овластувања.

Директорот ги потпишува актите, документите и другите писмена во име на Установата, без ограничувања.

Член 17

Директорот на Установата во рамките на своите овластувања, може да даде на друго лице писмено овластување за застапување и претставување на Установата и превземање поединечни дејствија пред надлежните државни органи, организации, институции, судови и сл.

Содржината и обемот на овластувањето од претходниот став го определува Директорот на Установата.

Член 18

Овластеното лице во името на Установата, а во рамки на своите овластувања, смее да превзема дејствија изрично наведени во овластувањето.

## VI.ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИЦИТЕ

Член 19

Сите граѓани на Република Северна Македонија имаат пристап до услугите на Установата, под еднакви услови.

Ова право го имаат и странски државјани, доколку со посебни прописи не е поинаку предвидено.

Децата, учениците и студентите, како и лицата со посебни потреби, плаќаат намалени цени на услугите или се ослободени од плаќање.

## VII.ОРГАНИЗАЦИЈА НА УСТАНОВАТА

Член 20

Установата функционира како единствена организациона единица и вршењето на дејноста го остварува преку тимско учество на вработените лица во Установата, со цел обезбедување на трајно и непречено вршење на дејноста, остварување на плановите за развој и програмите за работа и остварување на националниот и локалниот интерес во културата.

Установата изготвува развојна програма со која се утврдуваат насоки на повеќегодишниот развој на дејноста.

Внатрешната организација на Установата се уредува со Акт за внатрешна организација и систематизација на работните места.

Член 21

Установата може за вршење на одделни работи, да основа организациони единици со права и обврски утврдени со Актот за внатрешна организација во согласност со Статутот.

Организационите единици можат да се формираат како организациони делови на Установата, во кои непосредно ќе се вршат работи од дејноста на Установата на деловно подрачје утврдено со одлука за нивно основање, по претходна согласност од Основачот. Работите од дејноста на Установата, организационите единици ги вршат во име и за сметка на Установата.

Член 22

Установата може да основа организациони единици како подружници.

Подружницата на Установата нема својство на правно лице, а во правниот промет настапува во име и за сметка на Установата, во обем и под услови определени од Основачот.

За обврските на подружницата неограничено одговара Установата.

Член 23

Заради рационално вршење на дејноста, Установата во согласност со Основачот, може да организира различни облици на заедничко вршење на одделни работи или остварување на институционална или друг вид работа или соработка.

## VIII .ОРГАНИ НА УСТАНОВАТА

Член 24

Органи на Установата се:

- Управен одбор на Установата,
- Директор на Установата и
- Надзорен Одбор

### VIII 1. Управен одбор

Член 25

Орган на управување со Установата е Управниот одбор.

Управниот одбор го сочинуваат пет члена кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје, од кои тројца се претставници на Основачот и двајца се претставници од редот на вработените во Установата, имајки ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

Управниот одбор од своите членови го бира Претседателот на Управниот одбор.

Седниците на Управниот одбор ги свикува Претседателот на Управниот одбор најмалку 4 (четири) пати годишно, а по потреба и почесто.

Член 26

Претседателот и членовите на Управниот одбор на Установата се именуваат врз принципите на стручност и компетентност.

Мандатот на членовите е 4 (четири) години и истите може повторно да бидат именувани.

Член 27

Управниот одбор на Установата :

- Донесува Статут на Установата и ги усвојува неговите измени и дополнувања;
- Ги утврдува политиката и принципите за развој и работа на Установата;
- Дава согласност на годишната програма за работа на Установата на предлог на директорот;
- Ги усвојува годишниот извештај за резултатите од работата на Установата по предлог на директорот;
- Го усвојува Актот за организација на работата и систематизацијата на работните места на Установата ;
- Усвојува финансиски план, годишна сметка на Установата и донесува други акти и документи за финансиското работење на Установата, согласно со прописите за материјално и финансиско работење;
- Одлучува во втор степен за решенијата што ги донесува директорот;
- Формира постојани и повремени работни тела;
- Усвојува извештај за попис на основните средства;
- Одлучува за отпис на побарувањата и обврските на Установата во согласност со Советот на Град Скопје;
- Одлучува за цените на услугите во согласност со Советот на Град Скопје;
- Донесува мерки за заштита и унапредување на животната средина;
- Донесува Деловник за својата работа и
- Врши други работи утврдени со Закон и Статут.

VIII 2. Директор на Установата

Член 28

Орган на раководење со Установата е Директорот.

Директорот го организира и раководи процесот на трудот, го води работењето на Установата, самостојно донесува одлуки во рамките на своите надлежности, ја претставува и застапува Установата спрема трети лица и е одговорен за законитоста на работата на Установата.

Член 29

Директорот на Установата:

- Ја води работата на Установата и го организира процесот на остварување на дејноста;
- Ја застапува Установата и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста во работењето;
- Предлага годишна програма за работа на Установата до Управниот одбор;
- Донесува план за развој на Установата;
- Превзема мерки за спроведување на Програмата за работа и планот за развој на Установата;
- Ја предлага организацијата на Установата;
- Поднесува годишен извештај за резултатите од работењето на Установата до Управниот одбор;
- Ги извршува одлуките на Управниот одбор;
- Го предлага Актот за систематизација и организација на работните места и други општи акти до Управниот одбор;
- Донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно со Закон;
- Одлучува за засновање на работен однос и распишува оглас;
- Избира по пат на оглас и разрешува уметнички односно програмски директор и други раководни работници, согласно Статутот на Установата;
- Формира уметнички односно стручен совет и други советодавни тела (трајни и повремени) согласно Статутот;
- Дава налози за финансиско работење на Установата;
- Предлага донесување на акти од делокругот на надлежноста на Управниот одбор;
- Донесува акти кои не се во надлежност на Управниот одбор, а се однесуваат на раководењето на Установата;
- Обезбедува спроведување на одлуките и заклучоците на Управниот одбор;
- Одлучува за почетокот и завршетокот на работното време на вработените и одморот во текот на работното време;
- Го организира информирањето на вработените;
- Обезбедува мерки за заштита при работа;
- Разгледува сугестии и забелешки на Синдикатот во остварување на правата на работниците, нивната материјална положба и условите за работа и
- Врши и други работи согласно со Закон и Статут.

Член 30

Директорот на Установата се избира по пат на јавен оглас што го распишува Градоначалникот на град Скопје, а се објавува во средствата за јавно информирање, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор, на начин и во постапка утврдени со Закон.

Градоначалникот на град Скопје го избира и разрешува Директорот.

Член 31

Кандидатите ги доставуваат потребните документи по јавниот оглас до Управниот одбор на Установата. Кандидатите со пријавата задолжително доставуваат предлог-програма за работа и развој на Установата.

Пристигнатите документи ги разгледува тричлена комисија формирана од Управниот одбор на Установата. Комисијата е должна во рок од 5(пет) дена од денот на завршување на огласот да ги разгледа пристигнатите документи.

Ненавремените, нецелосните и документите со невистинита содржина, Управниот одбор ги отфрла.

Комисијата доставува до Градоначалникот предлог-листа на кандидати кои ги исполнуваат во целост условите на јавниот оглас.

Градоначалникот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на предлогот, врши избор на директор.

Директорот се избира за време од 4 (четири) години и може повторно да биде избран.

Кандидатот кој не е избран има право на жалба во врска со спроведувањето на постапката за избор на директор, до второстепена комисија при Владата на Република Северна Македонија надлежна за решавање на прашања од работните односи. Рокот за поднесување на жалбата изнесува 8 (осум) дена, од денот на приемот на одлуката на Градоначалникот за избор на директор.

Против одлуката на второстепената комисија, кандидатот има право на тужба до надлежниот суд.

Член 32

За директор на Установата може да биде избрано лице кое покрај општите услови пропишани со Закон, ги исполнува и следниве посебни услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование утврдено со Статутот на Установата ;

4) има минимум 5 години работен стаж во областа на културата или 5 години работно искуство на работа или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;

5) има еден од следните меѓународно призанати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од 5 години :

- ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFEL iBT) - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) -најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) ( Cambridge English: Legal)- најмалку Б2 (B2) ниво
- ФЦЕ ( FCE) ( Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или,
- АПТИС (APTIS) -најмалку ниво Б2 (B2)

Член 33

Во случај кога не е избран директор на Установата или предвреме му престанал мандатот, Градоначалникот именува вршител на должноста директор, без оглас од редот на вработените.

Вршителот на должноста директор, ги има истите права и обврски на директор на Установата.

Вршителот на должноста директор, се именува за време до изборот на директор на Установата, но најдолго за шест месеци.

Член 34

Директор на Установата може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој што е избран.

Директорот може да биде разрешен:

- На лично барање;
- Ако настапи некоја од причините заради која според прописите за работни односи му престанува работниот однос по сила на закон;
- Ако не ја остварува програмата за работа на Установата;
- Ако по негова вина е нанесена штета на Установата;
- Ако не работи и постапува во согласност со Законот, Статутот и другите акти на Установата.

Член 35

Директорот на Установата ја врши функцијата и на уметнички и програмски директор на Установата.

VIII3. Надзорен одбор

Член 36

Надзорниот одбор е орган за вршење на внатрешна контрола на работењето на Установата.

Надзорниот одбор го сочинуваат три члена кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје.

За членови на органот за надзор можат да бидат именувани лица, кои немаат засновано работен однос во Установата, имаат високо образование и поседуваат знаења и искуство особено од областа на дејноста што ја врши Установата.

## IX.ФИНАНСИРАЊЕ И ПЛАНИРАЊЕ

Член 37

Управниот одбор на Установата, по предлог на Директорот донесува финансов план на Установата.

Директорот е одговорен за навремено изготвување и примена на финансовиот план на Установата, за негова реализација и остварување.

Член 38

Установата управува и ги користи имотот и основните средства во согласност со Закон, овој Статут и другите општи акти на Установата.

Имотот и основните средства од ставот 1 на овој член се сопственост на Град Скопје.

Член 39

Установата одговара за зачувување на интегралната вредност на основните средства и е должна:

- да ги употребува и одржува согласно техничките услови и
- да го надомести неотпишаниот дел од вредноста, ако средствата физички се потрошени или расходувани пред истекот на рокот за отпис.

Член 40

Основните средства со кои управува Установата, може да се отуѓат под услови и во постапка утврдена со Закон.

За оттуѓување на основните средства одлучува Советот на Град Скопје во согласност со Закон.

Член 41

Установата, најмалку еднаш годишно врши попис на основните средства со кои управува и ги користи.

## X.ВРАБОТУВАЊА ВО ЈАВНАТА УСТАНОВА

Член 42

При вработувањето во Установата, задолжително се применуваат критериумите и принципите со кои се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

## XI.ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТ

Член 43

Статутот на Установата го донесува Управниот одбор, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Измени и дополнувања на Статутот на Установата се врши на начин и постапка како за неговото донесување.

Основачот на Установата дава согласност на Статутот.

Член 44

Иницијатива за измена и дополнување на Статутот може да поднесат:

- Основачот на Установата;
- Управниот одбор на Установата и
- Директорот на Установата

## XII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 45

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Јавна установа Универзална сала - Скопје, бр.02-152/7 од 06.05.2019 година.

Постојните општи акти на Установата ќе се применуваат во деловите кои не се во спротивност со законските прописи и овој Статут, до донесување на нови акти на Установата.

Член 46

Статутот стапува во сила по добивањето на одлуката за согласност од Советот на град Скопје и нејзиното објавување во Службен Гласник на град Скопје.

Скопје, 05.07.2019 година

**Управен одбор**
Претседател
Бранка Георгиевска